# Службен гласник
## на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 7
26 јуни 2025 година

Година LXII


СОДРЖИНА


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 468. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Свети Николе. | 628 |
| 469. | Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Свети Николе. | 628 |
| 470. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на донација од Друштво за градежништво, трговија и услуги 2Б Инвест Груп СИЗ дооел Штип за спроведување на Детален урбанистички план. | 629 |

| | | |
|---|---|---|
| 471. | Одлука за давање согласност на донација од Друштво за градежништво, трговија и услуги 2Б Инвест Груп СИЗ дооел Штип за спроведување на Детален урбанистички план. | 630 |
| 472. | Решение за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Штип. | 631 |
| 473. | Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Штип. | 631 |
| 474. | Решение за објавување на Одлука за давање под закуп недвижна ствар-деловен простор. | 632 |
| 475. | Одлука за давање под закуп недвижна ствар-деловен простор. | 632 |
| 476. | Решение за објавување на Програма за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за 2023-2027. | 635 |
| 477. | Програма за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за 2023-2027. | 635 |
| 478. | Решение за објавување на Одлука за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје - Челичен крст. | 636 |
| 479. | Одлука за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје - Челичен крст. | 636 |
| 480. | Решение за објавување на Одлука за измена на одлуката за утврдување на висината на надоместокот за поставување на некои видови урбана опрема. | 638 |
| 481. | Одлука за измена на одлуката за утврдување на висината на надоместокот за поставување на некои видови урбана опрема. | 638 |
| 482. | Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување висината на комуналните такси. | 639 |
| 483. | Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување висината на комуналните такси. | 640 |
| 484. | Решение за објавување на Одука за одборување финансиски средства за лекување. | 640 |
| 485. | Одука за одборување финансиски средства за лекување. | 641 |
| 486. | Решение за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план на дел од урбана единица ЈИ 02.02 со плански опфат: на север по осовина на река Отиње, на запад по осовина на улица Тодор Коларов, на југ по осовина на улица Суитлак до мултимедијален центар Киро Глигоров и на исток по граници на | 642 |

| | | |
|---|---|---|
| | наменски зони и осовина на крак на улица Михајло Апостолски, општина Штип. | |
| 487. | Одлука за донесување на Детален урбанистички план на дел од урбана единица ЈИ 02.02 со плански опфат: на север по осовина на река Отиње, на запад по осовина на улица Тодор Коларов, на југ по осовина на улица Суитлак до мултимедијален центар Киро Глигоров и на исток по граници на наменски зони и осовина на крак на улица Михајло Апостолски, општина Штип. | 642 |
| 488. | Решение за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за бања Кежовица, урбан четврт СЗ 11.01 со намена В, КО Штип 5, Општина Штип. | 643 |
| 489. | Одлука за донесување на Детален урбанистички план за бања Кежовица, урбан четврт СЗ 11.01 со намена В, КО Штип 5, Општина Штип. | 644 |
| 490. | Решение за објавување на Одлука за утврдување нацрт детален урбанистички план за дел од блок СИ 02.01. Општина Штип. | 645 |
| 491. | Одлука за утврдување нацрт детален урбанистички план за дел од блок СИ 02.01. Општина Штип. | 645 |
| 492. | Решение за објавување на Одлука за дополнување на одлука за утврдување на висината на надоместокот за експропријација за КО Штип 1. | 646 |
| 493. | Одлука за дополнување на одлука за утврдување на висината на надоместокот за експропријација за КО Штип 1. | 647 |
| 494. | Решение за објавување на Решение за разрешување и именување на член на училишен одбор на СОУ„Коле Нехтенин“ Штип. | 648 |
| 495. | Решение за разрешување и именување на член на училишен одбор на СОУ„Коле Нехтенин“-Штип. | 648 |
| 496. | Решение за објавување на Програма за дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Штип за 2025 година. | 649 |
| 497. | Програма за дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Штип за 2025 година. | 649 |
| 498. | Решение за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Штип за 2025 година. | 650 |
| 499. | Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Штип за 2025 година. | 651 |

| | | |
|---|---|---|
| 500. | Решение за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2025 година. | 652 |
| 501. | Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2025 година. | 652 |
| 502. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на средства по програмата за одржување на локални патишта и улици во општина штип за 2024 година и програмата за одржување на локалните патишта во општина штип за 2024/2025 година во зимски услови. | 654 |
| 503. | Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на средства по програмата за одржување на локални патишта и улици во општина штип за 2024 година и програмата за одржување на локалните патишта во Општина штип за 2024/2025 година во зимски услови. | 655 |
| 504. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“Штип со финансиски показтели за периодот од 01.01.2025-31.03.2025 година по програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Штип. | 655 |
| 505. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“Штип со финансиски показтели за периодот од 01.01.2025-31.03.2025 година по програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Штип. | 656 |
| 506. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011”–Штип со финансиски показатели за период од 01.01.2025-31.03.2025 година по програмата за одржување на локални патишта и улици. | 657 |
| 507. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011”–Штип со финансиски показатели за период од 01.01.2025-31.03.2025 година по програмата за одржување на локални патишта и улици. | 657 |
| 508. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011”–Штип со финансиски показатели за период од 01.01.2025-31.03.2025 година по програмата за одржување на локални патишта и улици во зимски услови. | 658 |

| | | |
|---|---|---|
| 509. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011”–Штип со финансиски показатели за период од 01.01.2025-31.03.2025 година по програмата за одржување на локални патишта и улици во зимски услови. | 659 |
| 510. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011”–Штип со финансиски показатели од 01.01.2025-31.03.2025 година по програмата за користење на јавниот простор за паркирање. | 659 |
| 511. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011”–Штип со финансиски показатели од 01.01.2025-31.03.2025 година по програмата за користење на јавниот простор за паркирање. | 660 |
| 512. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011” – Штип со финансиски показатели за период од 01.01.2025-31.03.2025 година година по програмата за вршење на општински линиски превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци. | 661 |
| 513. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011” – Штип со финансиски показатели за период од 01.01.2025-31.03.2025 година година по програмата за вршење на општински линиски превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци. | 661 |
| 514. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за организација, реализација и промоција на фестивал на песни за деца ,,Весело Штурче 2025“– Штип. | 662 |
| 515. | Одлука за одобрување финансиски средства за организација, реализација и промоција на фестивал на песни за деца ,,Весело Штурче 2025“– Штип. | 663 |
| 516. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на висината на надоместокот за поставување некои видови урбана опрема на територија на Општина Штип, опрема за рекламирање – светлечки рекламни табли. | 663 |
| 517. | Одлука за утврдување на висината на надоместокот за поставување некои видови урбана опрема на територија на Општина Штип, опрема за рекламирање– светлечки рекламни табли. | 664 |

| | | |
|---|---|---|
| 518. | Решение за престанок на функција вршител на должност директор на средно Општинско училиште „Димитар Мирасчиев“- Штип. | 665 |
| 519. | Решение за избор на директор на Општинското средно училиште „Димитар Мирасчиев“- Штип. | 666 |
| 520. | Решение број 20-3996/5 од 12.06.2025 година. | 668 |

468.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ
ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА
ПОМЕЃУ ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

I

Се објавува Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Свети Николе.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4840/2 Општина Штип
26 јуни 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

469.

Врз основа на член 6 став (1) и (3) од Законот за меѓуопштинска соработка (“Службен весник на РМ”, бр.79/09), член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ( “Службен весник на РМ” бр.05/02) и член 21 став (1) точка 35 од Статутот на Општината Штип (“Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21) Советот на Општина Штип, на седницата одржана на ден 26 јуни 2025 година, донесе:

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ
ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА
ПОМЕЃУ ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Член 1

Советот на Општина Штип го утврдува Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, поднесен од Градоначалникот на Општина Штип број 09-3412/3 од 27.05.2025 година, за заедничко вршење на работите од надлежност на општините кои се однесуваат на вршење на работи од областа на

општински инспектор за домување меѓу општина Штип и општина Свети Николе.

Член 2

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука, проценета за потребата од воспоставување на МОС се доставува до општина Свети Николе заради усвојување.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општината Штип.

Број 08 –4840/1 Совет на Општина Штип
26 јуни 2025 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

470.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОНАЦИЈА ОД ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ 2Б ИНВЕСТ ГРУП СИЗ ДООЕЛ ШТИП ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

I

Се објавува Одлука за давање согласност на донација од Друштво за градежништво, трговија и услуги 2Б Инвест Груп СИЗ дооел Штип за спроведување на Детален урбанистички план.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4841/2 Општина Штип
26 јуни 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

471.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 4 став 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр.47/06, 86/08, 51/2011, 28/2014, 153/15) член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип број 01/03,18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21) Советот на Општина Штип на седница, одржана на ден 26 јуни 2025 година, ја донесе следната

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОНАЦИЈА ОД ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ 2Б ИНВЕСТ ГРУП СИЗ ДООЕЛ ШТИП ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за примање на донација од Друштвото за градежништво, трговија и услуги 2Б Инвест Груп СИЗ дооел Штип за реализација на ДУП број 471.

Вкупната вредност на целата донација изнесува 2.000.000 (два милиони денари).

Член 2

Донацијата се однесува на уредување на површина утврдена во ДУП број 471 поставување на модерна инфраструктура со изградба на скали, хортикултурно уредување и други елементи на просторот помеѓу УП N1 и УП N2.

Член 3

Давателот на Донацијата од став 1 на овој член, се обврзува, уредувањето, предмет на донацијата, да го изврши во согласност со позитивните законски прописи, преку надлежните сектори/одделенија во Општина Штип и согласно издадени одобренија од надлежните институции.

Донацијата се однесува на комплетно реализирање на член 2, додека обврската за понатамошно одржување би била на Општина Штип.

Член 4

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со доделување на донацијата од член 1, Општина Штип како примател на донацијата, ќе склучи Договор за донација, со давателот на донацијата од член 1 на оваа одлука.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 4841/1
26 јуни 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

472.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4842/2
26 јуни 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

473.

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на РМ” број 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16, и („Службен весник на РСМ број 31/20, 16/25”) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ
НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се продолжува работното време на угостителските објекти содржани во член 23 став 1 од Законот за угостителска дејност за 2 (два) часа во деновите од 4ти до 6ти јули, за време на одржувањето на манифестацијата Д-ФЕСТИВАЛ Штип 2025.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 4842 /1
26 јуни 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

474.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП
НЕДВИЖНА СТВАР-ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

I

Се објавува Одлука за давање под закуп недвижна ствар-деловен простор.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4843/2
26 јуни 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

475.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НЕДВИЖНА
СТВАР - ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

Член 1

Со оваа Одлука се дава под закуп дел од недвижна ствар-деловен простор сопственост на Општина Штип кој се наоѓа во м.в. Суитлак, КП број 8580/1 за КО-Штип 6, имотен лист 56206.

Недвижниот имот од став 1 на оваа Одлука претставува дел од зградата на Мултимедијалниот центар-Киро Глигоров со внатрешна површина од 220 м2. Издвоена согласно Геодетски елаборат со деловоден број 11-303/3 од 30.08.2022, изготвен од „Геометар про.инг"ДОО Свети Николе.

Член 2

Пазарната вредност на недвижната ствар е утврдена со Извештај за проценка на пазарна вредност од 16.05.2025 година, изработен согласно Методологијата за процена на пазарна вредност и истата изнесува 21.142.336 денари.

Висината на почетната месечна закупнина изнесува 105.712,оо денари, односно 0,5% од проценетата вредност на недвижната ствар.

Деловниот простор од член 1 од оваа Одлука се издава под закуп за период од 5 (пет) години.

Деловниот простор се издава со намена за проекција на филмови.

Член 3

Давањето под закуп на деловниот простор од член 1 од оваа Одлука ќе се изврши по пат на јавно наддавање согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост.

Член 4

Право на учество на јавното наддавање ќе има секое физичко или правно лице кое ќе поднесе доказ дека поседува барем 2 (две) години искуство во дејноста 59.14 – прикажување на филмови и доказ од кој може да се утврди дека подносителот на пријавата има претходно соработувано со дистрибутери кои ги дистрибуираат најновите филмски остварувања од големите филмски студија на територијата на Република Северна Македонија.

Член 4

Најповолниот понудувач, со договорот за закуп ќе биде обврзан да набави: 3Д кино систем (DCP ласерски проектор за проектирање на филмови – произведен 2025 година и 3D додатоци) со компатибилни 3Д очила (пасивен или активен систем), кино платно со минимум 40 м2 површина на платно оптимизирано за проекција на 3Д содржини, проектор за проектирање на

превод на филмови, како и соодветни кино-столчиња (фотељи) во број задоволителен за квадратурата на кино салата.

Член 5

На идниот закупец, во договорот за закуп да му биде предвидено дека со докажување со фактури од предметните инвестициони вложувања од член 4 на оваа одлука, сразмерно ќе му бидат одбиени средства од Закупнината предвидена со договорот за закуп на недвижната ствар.

Доколку на Јавниот повик учествува и биде реизбран претходниот Закупец на овој дел од објект истиот ќе има обврска да набавува нов 3Д кино систем- проектори и опрема но, не и столчиња бидејќи може да ги користи веќе постоечките-вградените.

Идниот закупец избран на јавниот повик како најповолен нема да има обврска да ги покрива режиските трошоци.

Член 6

Правото на учество, критериумите, начинот на плаќање и другите услови за закуп на деловниот простор ќе бидат утврдени од страна на комисијата формирана од градоначалникот и истите ќе бидат објавени во јавниот оглас.

Член 7

Доколку постапката за закуп во првиот обид е неуспешна, постапката ќе се повтори согласно законските одредби.

За спроведената постапка за закуп на деловниот простор, комисијата ќе достави извештај до Советот на Општина Штип.

Член 8

По извршениот избор на најповолен понудувач, градоначалникот на Општина Штип ќе склучи договор со кој ќе се утврдат меѓусебните права и обврски за закуп на деловниот простор.

Договорот за закуп подлежи на солемнизација пред нотар избран од закупецот на негова сметка.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 4843 /1
26 јуни 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

476.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ
ЛИЧНОСТИ СО СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА ЗА 2023-2027

I

Се објавува Програма за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за 2023-2027.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4844/2 Општина Штип
26 јуни 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

477.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) член 21 став 36 од Статутот на општина Штип („Службен гласник на Општина Штип “бр. 1/03 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21) и членот 17 од Закон за меморијалните споменици и спомен обележјата („Службен весник на Република Македонија бр. 66/04, 152/15 и 103/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе:

ПРОГРАМА
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ЗНАЧАЈНИ
НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ СО СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА 2023-2027

I

Во програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја 2023-2027 (Службен гласник број 18/22, 3/24, 12/24 и 15/24) во поглавјето II -точката а) се дополнува со нова алинеја која гласи:

- Изградба на спомен обележје крст.

( да се постави во центарот на кружниот тек на Бул.Партизанска

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Штип.

Број 08 – 4844/1
26 јуни 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

478.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПОДИГАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ - ЧЕЛИЧЕН КРСТ

I

Се објавува Одлука за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје - Челичен крст.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4845/2
26 јуни 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

479.

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја(„Службен весник на РМ“ број 66/04, 89/08 и 152/15) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 , 13/14 и )5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПОДИГАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ –ЧЕЛИЧЕН КРСТ

Член 1

Се подига спомен обележје во чест на симболот на православието и христијанската вера во облик на ЧЕЛИЧЕН КРСТ.

Член 2

Спомен-обележјето ќе се постави во средиштето на кружниот тек на булевар „Партизанска“.

Спомен-обележјето ќе биде изработено во облик на челичен крст во еден дел кој ќе го одразува симболот на христијанската и православна вера. Челичниот крст ќе биде изработен од челична конструкција. Челичниот крст ќе биде поставен на постамент (од цементна основа обложена со декоративни плочки).

Бетонската подлога – постамент на која ќе биде поставен челичниот крст ќе биде во средиштето на кружниот тек со димензии соодветни и пропорционални на конструкцијата на Крстот.

Спомен-обејежјето Челичен крст ќе биде со димензии: 9 м широчина и височина од 20 м.

Хортикултурното уредување околу спомен-обележјето ќе биде од зимзелени украсни нискостеблечки растенија. Истиот ќе биде соодветно осветлен.

Член 3

Средствата за подигање на спомен обележјето ќе бидат обезбедени како донација од Марјан Јовчевски, Кристијан Колев и Трајче Димитров бизнисмени од Штип.

Член 4

Општина Штип согласно Законот ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење на спомен обележјето.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 –4845/1
26 јуни 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

480.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА НЕКОИ ВИДОВИ УРБАНА ОПРЕМА

I

Се објавува Одлука за измена на одлуката за утврдување на висината на надоместокот за поставување на некои видови урбана опрема.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4846/2 | Општина Штип
26 јуни 2025 година | Градоначалник

Ш т и п | Иван Јорданов, с.р.

481.

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02 и 202/24), член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА НЕКОИ ВИДОВИ УРБАНА ОПРЕМА

Член 1

Членот 2 алинеа 1 од Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за поставување на некои видови урбана опрема (типски објекти), (Службен гласник на општина Штип број 2/23, 14/24 и 5/25) се менува и гласи:

- Висината на надоместокот за типски објект поставен од заинтересиран субјект во зона 1 изнесува **месечно** по 600,00 денари м$^2$;

- Висината на надоместокот за типски објект поставен од заинтересиран субјект во зона 2 изнесува **месечно** по 400,00 денари м$^2$;
- Висината на надоместокот за типски објект поставен од заинтересиран субјект во зона 3 изнесува **месечно** по 400,00 денари м$^2$;
- Висината на надоместокот за типски објект поставен од заинтересиран субјект во зона 4 изнесува **месечно** по 300,00 денари м$^2$;
- Висината на надоместокот за типски објект поставен од заинтересиран субјект во зона 5 изнесува **месечно** по 300,00 денари м$^2$;
- Висината на надоместокот за типски објект поставен од заинтересиран субјект во зона 6 изнесува **месечно** по 300,00 денари м$^2$;
- Висината на надоместокот за типски објект поставен од заинтересиран субјект во зона 7 изнесува **месечно** по 300,00 денари м$^2$;

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 4846/1 Совет на Општина Штип
26 јуни 2025 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

482.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ

I

Се објавува Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување висината на комуналните такси.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4847/2
26 јуни 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

483.

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за комуналните такси („Службен весник на РМ“ број 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на РСМ“ број 154/20 и 151/21) и член 21 став 1 точка 5 и точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување висината на комуналните такси („Службен гласник на Општина Штип“ број 08/05, 06/12, 14/12, 08/13,13/15,16/21, 6/23) во член 2 Тарифен број 3 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„За поставување на настрешници на јавни површини за вршење на дејност согласно со законот за градење или законот за угостителска дејност се определува цена од 5 денари/м2 за цела година“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 4847 /1
26 јуни 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

484.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДУКА ЗА ОДБОРУВАЊЕ
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

I
Се објавува Одука за одборување финансиски средства за лекување.

II
Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4848/2
26 јуни 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

485.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

Член 1
Се одобруваат финансиски средства за лекување на Благица Данев во висина од 3.000,00 денари.

Член 2
Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

Член 3
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 4848 /1
26 јуни 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

486.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЈИ 02.02 СО ПЛАНСКИ ОПФАТ: НА СЕВЕР ПО ОСОВИНА НА РЕКА ОТИЊЕ, НА ЗАПАД ПО ОСОВИНА НА УЛИЦА ТОДОР КОЛАРОВ, НА ЈУГ ПО ОСОВИНА НА УЛИЦА СУИТЛАК ДО МУЛТИМЕДИЈАЛЕН ЦЕНТАР КИРО ГЛИГОРОВ И НА ИСТОК ПО ГРАНИЦИ НА НАМЕНСКИ ЗОНИ И ОСОВИНА НА КРАК НА УЛИЦА МИХАЈЛО АПОСТОЛСКИ, ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за донесување на Детален урбанистички план на дел од урбана единица ЈИ 02.02 со плански опфат: на север по осовина на река Отиње, на запад по осовина на улица Тодор Коларов, на југ по осовина на улица Суитлак до мултимедијален центар Киро Глигоров и на исток по граници на наменски зони и осовина на крак на улица Михајло Апостолски, општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4849/2
26 јуни 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

487.

Врз основа на член 27 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на СРМ“ број 33/20 и 111/23) и член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЈИ 02.02 СО ПЛАНСКИ ОПФАТ: НА СЕВЕР ПО ОСОВИНА НА РЕКА ОТИЊЕ, НА ЗАПАД ПО ОСОВИНА НА УЛИЦА ТОДОР КОЛАРОВ, НА ЈУГ ПО ОСОВИНА НА УЛИЦА СУИТЛАК ДО МУЛТИМЕДИЈАЛЕН ЦЕНТАР КИРО ГЛИГОРОВ И НА ИСТОК ПО ГРАНИЦИ НА НАМЕНСКИ ЗОНИ И ОСОВИНА НА КРАК НА УЛИЦА МИХАЈЛО АПОСТОЛСКИ, ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се донесува детален урбанистички план на дел од урбана единица ји 02.02 со плански опфат: на север по осовина на река отиње, на запад по осовина на улица тодор коларов, на југ по осовина на улица суитлак до мултимедијален центр киро глигоров и на исток по граници на наменски зони и осовина на крак на улица михајло апостолски, општина штип со тех. број У 48/23, мај 2025 година.

Член 2

Предлог – Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- Текстуално образложение
- графички прилози според законски одредби
- одредби за реализација на урбанистичка документација
- стручна ревизија на урбанистичката документација
- одговор на стручната ревизија
- согласност број 21 – 1443/3 од 14.05.2025 година од Министерството за транспорт и врски – сектор за уредување на просторот.

-

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08 – 4849/1 | Совет на Општина Штип |
| 26 јуни 2025 година | Претседател |
| Ш т и п | Весна Кожинкова, с.р. |

488.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БАЊА КЕЖОВИЦА, УРБАН ЧЕТВРТ СЗ 11.01 СО НАМЕНА В, КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за донесување на Детален урбанистички план за бања Кежовица, урбан четврт СЗ 11.01 со намена В, КО Штип 5, Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4850/2 Општина Штип
26 јуни 2025 година Градоначалник

Штип Иван Јорданов, с.р.

489.

Врз основа на член 27 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на СРМ“ број 33/20 и 111/23) и член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА БАЊА КЕЖОВИЦА, УРБАН ЧЕТВРТ СЗ 11.01 СО
НАМЕНА В, КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се донесува Детален урбанистички план за бања Кежовица, урбан четврт СЗ 11.01 со намена В, КО Штип 5, Општина Штип со тех. број У – 46/23 мај 2025 година.

Член 2

Предлог – Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- Текстуално образложение
- графички прилози според законски одредби
- одредби за реализација на урбанистичка документација
- стручна ревизија на урбанистичката документација
- одговор на стручната ревизија
- согласност број 21 – 2642/3 од 03.06.2025 година од Министерството за транспорт и врски – сектор за уредување на просторот.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 4850/1 Совет на Општина Штип
26 јуни 2025 година Претседател

Штип Весна Кожинкова, с.р.

490.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД БЛОК СИ 02.01. ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за утврдување нацрт детален урбанистички план за дел од блок СИ 02.01. Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4851/2 Општина Штип
26 јуни 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

491.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/2020) како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД БЛОК СИ 02.01. ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се утврдува нацрт детален урбанистички план за дел од блок си 02.01. општина Штип, со технички број 110/2024.

Член 2

Нацрт Деталниот урбанистички план (ДУП) од член 1 од оваа Одлука содржи:

- Барање за одобрување

- Ажурирана геодетска подлога
- Планска документација
- Геодетски елаборат
- Нацрт ДУП
- Позитивни мислења од надлежни институции
- Ревизии

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 4851/1
26 јуни 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

492.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗАУТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА ЗА КО ШТИП 1

I

Се објавува Одлука за дополнување на одлука за утврдување на висината на надоместокот за експропријација за КО Штип 1.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4852/2
26 јуни 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

493.

Врз основа член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ
НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА ЗА КО ШТИП1

Член 1

Во одлуката за утврдување на висината на надоместокот за експропријација бр.08-4222/1 од 28.05.2025 година во членот 2, точката на крајот на реченицата се брише и се дополнува со зборовите: „ и Извештај за процена на пазрна вредност на недвижен имот бр.17-3925/4 од 13.06.2025 година“

Член 2

Во членот 3 од одлуката од член 1 на оваа одлука точката на крајот на реченицата се брише и се додавата зборовите „и Извештај за процена на пазрна вредност на недвижен имот бр. 17-3925/4 од 13.06.2025 година“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 4852/1
26 јуни 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

494.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ
НА ЧЛЕН НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА СОУ„КОЛЕ НЕХТЕНИН“ ШТИП

I

Се објавува Решение за разрешување и именување на член на училишен одбор на СОУ„Коле Нехтенин“ Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4853/2
26 јуни 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

495.

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за средното образование („Служен весник на РМ” број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 43/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и Службен весник на РСМ” број 229/20, 269/23 и 78/25) и член 21 став 1 точка 22 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 16/09 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА
УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА СОУ „КОЛЕ НЕХТЕНИН“ШТИП

1. Од член на Училишниот одбор на СОУ „Коле Нехтенин”-Штип како претставник од основачот, се разрешува:

    - Надица Михаилова

    За член на Училишниот одбор на СОУ „Коле Нехтенин”-Штип како претставник од основачот, се именува:

    - Христина Костадинова

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 4853 /1
26 јуни 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

496.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4854/2
26 јуни 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

497.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 15 точка 3 и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Во програмата за Локален економски развој во општина Штип за 2025 година (Службен гласник на Општина Штип број 17/24 и 6/25) – во делот 3 – Инфраструктура, по точка 3.18 се додаваат нови точки и тоа:

3.19 Изградба на дел од улица Гоце Делчев (1 фаза од крстосница за влез во Универзитет Гоце Делчев до кружен ток), Општина Штип.

3.20 Изградба на улица “Бр. 1” (Тодор Коларов - Мирче Ацев)

3.21 Изградба на Крстосница на Булевар “Партизанска” и ул. “Сремски фронт” со формирање на кружна крстосница.

3.22 Конзерваторско реставраторски работи и делумна реконструкција на Акрополот на тврдината ИСАР во Штип.

3.23 Учество во Програмата за Акцелератори на URBACT Pioners.
Со цел набавка на паметни канти за отпад.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општина Штип.

Број 08 – 4854 /1
26 јуни 2025 година

Штип

Совет на општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

498.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4855/2
26 јуни 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

499.

Врз основа на член 95 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ" број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ" број 275/19, 90/20 и 101/21), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен Општина Штип („Службен гласник на Општина Штигп број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Во оваа програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2025 година(Службен гласник на Општина Штип бр.17/24 и 1/25), во точка 7 „Начин на распределба на средствата за изградба и одржување на инфраструктура“ во точка 7.2 „Работи поврзани со уредување на градежно земјиште и реконструкција на улици“, во потточка 7.2.1 „Улици“ се додаваат 4 нови алинеи кои гласаат:

- Уредување на паркинг простор на ул.„ Вера Циривири Трена“.
- Асфалтирање на паркинг простор на ул.„ Широк Дол“.
- Асфалтирање на ул. „Борис Кидрич“.
- Асфалтирање на ул.„Солунска“
- Асфалтирање на ул.„Сремска“.
- Асфалтирање на паркинг простор на ул.„Боро Арсов“.

Во потточка 7.2.3 „Тротоари“се додава 1 нова алинеа која гласи:

- Уредување на тротоар на ул. „ Борис Крајгер“

Во потточка 7.2.4 „Реализација на партерни уредувања“ се додава 1 нова алинеа која гласи:

- Партерно уредување на влезови на згради на ул.„Сутјеска“и ул.„Анте Банина“

Во потточка 7.2.7 „Водовод“ се додава 1 нова алинеја која гласи:

- Водоводна линија на ул.„ Борис Кидрич“

Во потточка 7.2.2 Изградба на нови улици, водоводи и канализации:

- Изградба на атмосферска канализација на магистрална улица од нас. Железничка до м.в Рибник.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Општина Штип“ а ќе се применува до донесување на Програма за 2026 година.

Број 08 – 4855/1
26 јуни 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

500.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4856/2
26 јуни 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

501.

Врз основа на член 80-а став 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20,

227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25 и 17/25), а во врска со член 50 став 6 од Законот за локалната самоправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година ја донесе:

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ПРОГРАМАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА
НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Во Програмата за поставување урбана опрема на територијата на Општината Штип („Службен гласник на Општината Штип“ број 01/25, 2/25 и 5/25), Во глава V. **Поставување на урбана опрема на пешачка зона на дел од улица „Ванчо Прке“,** ставовите 3, 4 и 5 се бришат и се менуваат со нови три става кои гласат:

За заштита од временските услови при поставување на урбана опрема за вршење на угостителска дејност дозволено е поставување на настрешница (изведена од конструкција од челични профили во црна боја,столбовите да се изведени од профили мин 120/120 мм согласно распонот , од кои два непосредно до фасадата на деловниот простор, два на најмногу 1,50 м оддалеченост од поставената атмосферска решетка, прицврстени за подлогата, а гредите да бидат изведени од профили мин 100/120 мм. По поставување на столбовите, партерното уредување да се врати во првобитна состојба , со поставување на истите павер елементи.

Покривањето на настрешницата да биде со тенда со роло механизам. Не е дозволено пречекорување странично на било кој елемент од урбаната опрема пред деловниот простор што е услов за поставување на ваквата урбана опрема.

Не е дозволено затворање на настрешницата од слободните страни, туку поставување на лесна преграда од лексан или плексиглас до висина од 1,30м , поставени на подконструкција од профили. Доколку се случи да се постави ваква урбана опрема пред два соседни деловни простори, важат истите услови опишани погоре, без да се дозволи поставување на преграда повисока од 1,30м.

II

во глава VI **Рекапитулација на урбана опрема според намената и површината - точка 1. Планирана диспозиција на урбана опрема** се врши дополнување на табелата со следното:

| | Нумерација на објектите | Катастерска парцела(КП) | Местоположб а улица и број | Број на модули | Вкупна површина во м2 |
|---|---|---|---|---|---|
| | УО 114 | Дел од КП 10692 КО Штип 6 | Улица ,,Ристо Чепреганов“ | 1 | 9 м2 |
| | УО 115,<br>УО 116<br>УО 117 | Дел од КП 2714/2 КО Штип 2 | Улица ,,Драги Крупишки“ | 3 | 27 м2 |

III

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 –4856 /1
26 јуни 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

502.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СРЕДСТВА ПО ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2024 ГОДИНА И ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2024/2025 ГОДИНА ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на средства по програмата за одржување на локални патишта и улици во општина штип за 2024 година и програмата за одржување на локалните патишта во општина штип за 2024/2025 година во зимски услови.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4857/2 Општина Штип
26 јуни 2025 година Градоначалник

Штип Иван Јорданов, с.р.

503.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СРЕДСТВА ПО ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2024 ГОДИНА И ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2024/2025 ГОДИНА ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

I

Се усвојува Извештај за реализација на средства по програмата за одржување на локални патишта и улици во општина штип за 2024 година и програмата за одржување на локалните патишта во општина штип за 2024/2025 година во зимски услови.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 4857 /1 Совет на Општина Штип
26 јуни 2025 година Претседател

Штип Весна Кожинкова, с.р.

504.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„СТИПИОН 2011“ШТИП СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗТЕЛИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2025-31.03.2025 ГОДИНА ПО ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“Штип со финансиски показтели за периодот од 01.01.2025-31.03.2025 година по програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4858/2
26 јуни 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

505.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„СТИПИОН 2011“ШТИП СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗТЕЛИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2025-31.03.2025 ГОДИНА ПО ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се усвојува Квартален извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“Штип со финансиски показтели за периодот од 01.01.2025-31.03.2025 година по програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 4858 /1
26 јуни 2024 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

506.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ,,СТИПИОН 2011” – ШТИП СО ФИНАНСИСКИ
ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2025-31.03.2025 ГОДИНА
ПО ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011”–Штип со финансиски показатели за период од 01.01.2025-31.03.2025 година по програмата за одржување на локални патишта и улици.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4859/2
26 јуни 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

507.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО
НА ЈП ,,СТИПИОН 2011” – ШТИП СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ
ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2025-31.03.2025 ГОДИНА ПО ПРОГРАМАТА
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ

I

Се усвојува Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011" – Штип со финансиски показатели за период од 01.01.2025-31.03.2025 година по програмата за одржување на локални патишта и улици.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08 – 4859 /1
26 јуни 2024 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

508.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ,,СТИПИОН 2011" – ШТИП СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2025-31.03.2025 ГОДИНА ПО ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011"–Штип со финансиски показатели за период од 01.01.2025-31.03.2025 година по програмата за одржување на локални патишта и улици во зимски услови.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 09- 4860/2
26 јуни 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

509.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
ЈП ,,СТИПИОН 2011” – ШТИП СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЕРИОД
ОД 01.01.2025-31.03.2025 ГОДИНА ПО ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА
ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

I

Се усвојува Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011” – Штип со финансиски показатели за период од 01.01.2025-31.03.2025 година по програмата за одржување на локални патишта и улици во зимски услови.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 4860 /1
26 јуни 2024 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

510.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ,,СТИПИОН 2011” – ШТИП СО ФИНАНСИСКИ
ПОКАЗАТЕЛИ ОД 01.01.2025-31.03.2025 ГОДИНА ПО ПРОГРАМАТА
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011”–Штип со финансиски показатели од 01.01.2025-31.03.2025 година по програмата за користење на јавниот простор за паркирање.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4861/2
26 јуни 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

511.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ,,СТИПИОН 2011” – ШТИП СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ОД 01.01.2025-31.03.2025 ГОДИНА ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ

I

Се усвојува Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011” – Штип со финансиски показатели од 01.01.2025-31.03.2025 година по програмата за користење на јавниот простор за паркирање.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 4861 /1
26 јуни 2024 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

512.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ,,СТИПИОН 2011” – ШТИП СО ФИНАНСИСКИ
ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2025-31.03.2025 ГОДИНА ГОДИНА
ПО ПРОГРАМАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ
НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА КАРБИНЦИ

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011” – Штип со финансиски показатели за период од 01.01.2025-31.03.2025 година година по програмата за вршење на општински линиски превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4862/2
26 јуни 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

513.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
ЈП ,,СТИПИОН 2011” – ШТИП СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА
ПЕРИОД ОД 01.01.2025-31.03.2025 ГОДИНА ГОДИНА ПО ПРОГРАМАТА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО
ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА КАРБИНЦИ

I

Се усвојува Квартален извештај за работењето на ЈП ,,Стипион 2011" – Штип со финансиски показатели за период од 01.01.2025-31.03.2025 година година по програмата за вршење на општински линиски превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08 – 4862 /1 Совет на Општина Штип
26 јуни 2024 година Претседател,

Штип Весна Кожинкова, с.р.

514.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА, РЕАЛИЗАЦИЈА И ПРОМОЦИЈА НА ФЕСТИВАЛ НА ПЕСНИ ЗА ДЕЦА ,,ВЕСЕЛО ШТУРЧЕ –2025"-ШТИП

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за организација, реализација и промоција на фестивал на песни за деца ,,Весело Штурче 2025"– Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 09- 4863/2 Општина Штип
26 јуни 2025 година Градоначалник

Штип Иван Јорданов, с.р.

515.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА
ОРГАНИЗАЦИЈА, РЕАЛИЗАЦИЈА И ПРОМОЦИЈА НА
ФЕСТИВАЛ НА ПЕСНИ ЗА ДЕЦА „ВЕСЕЛО ШТУРЧЕ - 2025“-ШТИП

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во висина од 150.000,00 денари, за организација, реализација и промоција на Фестивал на песни за деца „Весело Штурче - 2025“-Штип, на Здружението за музичка култура Фестивал Весело штурче-Штип.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 4863 /1
26 јуни 2024 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

516.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА
НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НЕКОИ ВИДОВИ
УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ШТИП,
ОПРЕМА ЗА РЕКЛАМИРАЊЕ – СВЕТЛЕЧКИ РЕКЛАМНИ ТАБЛИ

I

Се објавува Одлука за утврдување на висината на надоместокот за поставување некои видови урбана опрема на територија на Општина Штип, опрема за рекламирање – светлечки рекламни табли.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 4864/2
26 јуни 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

517.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип „Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 јуни 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НЕКОИ ВИДОВИ УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ОПРЕМА ЗА РЕКЛАМИРАЊЕ - СВЕТЛЕЧКИ РЕКЛАМНИ ТАБЛИ

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за поставување на некои видови урбана опрема – опрема за рекламирање - светлечки рекламни табли поставени на столбовите за јавно осветлување на територијата на Општина Штип.

Член 2

Почетна цена за јавно наддавање за поставување на светлечките рекламни табли , од член 1 на оваа одлука ќе биде 200.00 денари месечно/м2.

Член 3

Се овластува градоначалникот да склучи договор со најповолниот понудувач, кој ќе се пријави на повикот за јавно наддавање за поставување на некои видови урбана опрема – опрема за рекламирање - светлечки рекламни табли поставени на столбовите за јавно осветлување.

Договорот за користење на столбовите за јавно осветлување заради поставување опрема за рекламирање - светлечки рекламни табли ќе се склучи за период од 10 (десет) години.

Член 4

Оваа Одлука влекува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 4864 /1 Совет на Општина Штип
26 јуни 2025 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

518.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 93 – в, став 2 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 10.06.2025 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТ ДИРЕКТОР НА СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „ДИМИТАР МИРАСЧИЕВ“- ШТИП

1. На Марина Варадиновска и престанува функцијата вршител на должноста Директор на СОУ „Димитар Мирасчиев”-Штип, заклучно со 10.06.2025 година.

2. Со влегување во сила на ова Решение престанува даважи Решението за именување на вршител на должноста на Директор на Општинското средно училиште „Димитар Мирасчиев“-Штип бр. 09-496/2 од 16.01.2025 година

3. Ова решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 10.06.2025 година.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Со членот 93–в, став 2, од Законот за средното образование од („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), утврдено е дека вршителот на должноста директор се именува за време до изборот на директор на средното училиште, но не подолго од шест месеци.

Училишниот одбор на СОУ„Димитар Мирасчиев”-Штип, до Градоначалникот на Општина Штип достави предлог за избор на Директор на СОУ „Димитар Мирасчиев”-Штип, со арх.бр.09-4390/1 од 04.06.2025 година.

Врз основа на член 92-а, став 10 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), Градоначалникот изврши избор на Директор на СОУ „Димитар Мирасчиев”-Штип и одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-4390/2 Општина Штип
10.06.2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

519.

Врз основа на член 50, став (1), алинеја (9) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) а во врска со Член 92-а, став 10 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20 и 78/25), Градоначалникот на Општина Штип на ден 10.06.2025 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКОТО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
„ДИМИТАР МИРАСЧИЕВ“- ШТИП

1. Се избира лицето Марина Варадиновска за Директор на Општинското средно училиште-„Димитар Мирасчиев“-Штип, сметано од 10.06.2025 година.

2. Директорот се избира со мандат од 4 години.

3. Примерок од ова решение да се достави до именуваното лице, училиштето, архивата на Општина Штип и одделението за поддршка на Совет на Општина Штип.

4. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

*О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е*

Со член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02) е утврдено дека Градоначалникот избира директори на јавни служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс.

Врз основа на Член 92-а, став 10 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20 и 78/25), Градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлог од Училишниот одбор, врши избор на директор.

Согласно добиениот предлог од Училишниот одбор, арх.бр.09-4390/1 од 04.06.2025 година, во кој кандидатот Марина Варадиновска ги исполнува условите од член 91 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20 и 78/25), Градоначалникот во законски предвидениот рок донесе Решение за избор на Директор на Општинското средно училиште „Димитар Мирасчиев“-Штип и одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** Против ова Решение може да се изјави Жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15(петнаесет) дена по приемот на истото.

Број 09-4390/3
10.06.2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

520.

Во основа на член 50 став 1 точка 11 и 16, од законот за локална самоуправа ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Градоначалникот на Општина Штип го донесе следното Решение:

**РЕШЕНИЕ**

1. Барањето на група граѓани со адреса на живеење на ул.„Ѓорче Петров“ Штип, за поставување на улично осветлување на ул.„Ѓорче Петров“ **СЕ ОДБИВА.**
2. Ова Решение влегува на сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Група граѓани со адреса на живеење на ул.„Ѓорче Петров“ Штип поднесе барање бр.20-3996/1 од 16.05.2025 година за поставување на улично, јавно осветлување.

Ценејќи го поднесеното барање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука** Против ова решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен Скопје во рок од 15 дена по приемот. Жалбата се таксира со 250,00 денари административни такси

Број 20-3996/5
12.06.2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.